316.647.5:28-05(=163.3)(497.7)(049.3)
2-676(497.7:28-05)(049.3)

# РАЗНОВЕРЦИ. МЕЃУРЕЛИГИСКИ СОЖИВОТ ВО ЗАПАДНОМАКЕДОНСКО СЕЛО. СТУДИЈА ЗА СОЦИО-КУЛТУРНА АНТРОПОЛОГИЈА

**Марцин Лубаш**

**Краков 2011, Номос,сс.363**

Книгата за која станува збор е напишана од страна на полскиот антроплог, кој спроведуваше теренски истражувања во западномакедонско село. На некој начин го континуирал тоа, што во 30-те години на 20-ти век го започнал друг полски истражувач Јозеф Обремски. Ова не значи дека тој ги реализирал истржувањата на истата територија, во истите села или дека се занимавал со истата проблематика, иако и Обремски и Лубаш се интересираат за проблемот на општествените граници, или поточно, механизмите кои ги создаваат.

Во врска со тоа, се појавува прашањето зашто истражувачите како Обремски и Лубаш се нафаќат на такви истражувачки предизвици-теренски истражувања во различно од сопственото општество, со друга култура? Можеби тоа претставува надоврзување на истражувачката активност на антрополозите и етнографите од 19-тиот и 20-тиот век? Европејците и Американците спроведувале интензивни теренски истражувања надвор од Европа, во Африка, на островите на Јужниот Пацифик или Индискиот Океан, на тешко достапни терени на Јужна Америка или кај племските заедници во Северна Америка.

На тие терени ги барале првобитните заедници, кои не подлегле на општествената промена под влијание на контактите со модерната европска

цивилизација. Во нивното убедување, тоа им овозможувало можност да се набљудуваат и анализираат појавите и општествените процеси во чиста форма, слично на подразбирањето на природата како воспитна средина за мали деца, од страна на J. J. Русо. Се разбира, постои и друга причина, набљудување на последиците од мултикултурните контакти.

Дали причините за истражувачките интереси кон Македонија, порано кај Обремски и после кај Лубаш се исти? Се рабира, тешко е да ги третираме жителите на македонското село од 30-те години на минатиот век и сегашните селани од почетокот на 21 век, исто како народите од Триобранди, Андамани, Самоа или Африка и Јужна Америка.

Причината може да биде и друга иако не целосна. Современиот Балкан, а во него и Македонија, претставуваат специфична лабораторија за истражувачите од опшетствените науки. Овде може да се набљудуваат појави и процеси, кои може да се најдат во учебници по социологија, социјална антропологија или современа историја. Овде може да се видат на ниво на општествената практика феномените на глобализација и глокализација, меѓукултурен и меѓурелгиски контакт, судири помеѓу традицијата и модерениот свет, традиционалните социјални врски и модерна организација на пазарот и државата. Тешко ми е да се искажам во име на автрот на рецензираната книга, но имам чуство дека зад неа може да се криjат вакви или слични мотиви.

Рецензирана книга претставува текст, кој ретко се наоѓа во полските општествени науки (а претпоставувам дека и во македонските). Текстот е извештај од интензивни теренски истражувања реализирани од страна на авторот во село каде живееат две групи Македонци, припадници на православна и исламска вероисповед. Целта на авторот е опис и разјаснување на механизмите на функционирање на општествените граници, определени преку верата (припадност на две различни религиски заедници). Се чини дека работата на прв поглед изгледа банална, бидејќи религијата е вообичаено елемент кој ги интегрира (припадниците) и истовремено ги дезинтегрира (дели заедниците). Сепак, кога двете религиски заедници

формираат една локална заедница, не само што живеаат покрај себе, а и со себе, каде ги поврзува јазикот, традицијата, историјата или пошироко припадност кон една државна заедница, се појавува прашањето дали постојаат некои општествени, непречекорени граници, кои не дозволуваат членовите на истата заедница да учествуваат во општествените практики? Авторот ја нацртува сликата за општествениот живот на ниво на локалната заедница, повикувајќи се на теоретскиот придонес на социјалната антропологија (етнографија) и социологија.

Анализира описни и објаснувачки карактеристики на основните теоретски категории, кои во овие науки се користат за опис на општествениот живот, и исто така ја анализира различната сместеност на луѓето во него, значи критериуми кои овозможуваат класификациски третмани.

Го интересираат ралични општествени практики, во кои членови на заденицата, поради неопходност или избор, учествуваат заедно или посебно, што може да се третираат како показатели на недостаток или постоење на границите (дистанци). Авторот настојува да ја покаже природата на општествените граници, а посебно тоа, до кој степен религијата е збир на норми, кои ги ограничуваат иноверците кон пристапот на одредени практики. Се обидува да го определи нивото на „непропустливост" на овие граници, да ги наброи ситуациите во кои учествуваат членовите на двете заедници „заедно, но сепак посебно".

Македонците од Ростуше кои го практукуваат исламот претставуваат специфична група која ја нарекуваат Торбеши. Тоа потекнува од зборот торба (врећа) и е презирен назив за луѓе, кои биле подготвени да одат кај секој, кој бил наклонет да ги наполни нивните вреќи, значи да ги задоволи нивните потреби. Оттука нивната позиција била маргинализирана - не до крај прифатена од страна на православните Македонци и третирана со сомнеж од страна на муслиманите, кои биле или Турци или Албанци, бидејќи Торбешите зборувале македонски јазик и култивирале македонски обичаи. Авторот ги анализира религиозните и културните црти на таа група. Ги покажува, исто

така, настојувањата на Торбиешите да постојаат како политичко рамноправен сегмент на современото македонско општество.

Авторот укажува на специфичните црти на таа група повикувајќи се на историските и етнографските публикации на македонските и други научници, свесен за мошне комплицираната внатрешна етничка диференцијација на македонското општество. Тие размислувања ги сместува во контекстот на културната специфика на Балканот, кој преку столетија бил поробен од Отоманската Империја, каде доминантна религија била исламот, но православието било толерирано. Тие делови на книгата сигурно се поинтересни за луѓето кои живееат надвор од Македонија.

Во овој контекст се појавува прашањето за трајност на религиските убедувања. Периодот на комунистичка Југославија беше ера на званичен атеизам (иако во Уставот беше гарантирана слободата на убедувањата и свеста). Од лично искуство ги паметам моите посети во Македонија во 80-те години, патувањата низ Западна Македонија и сликата на селата со впечатливи минарињa на ново изградените џамии и истовремено, долго незавршување на изградбата на новата, поголема соборна црква во Скопје. Се сеќавам на разговорот во куќата на моите познаници, веќе по распадот на Југославија и изградба на независна Македонија. Стана збор за попис на населението, во кој постоеше категорија верска припадност. Домаќинката призна дека себеси се определила како атеист, додека двете ќерки како православни.

Која од верската припадност била повеќе подложна на атеизација? Што беше децидно во врска со верата и религијата? Зошто Торбешите, кои беа сместени на маргините на македонското општество, дадатно обвинувани од страна на своите побратими за користољубе, останаа мусулмани? Книгата донесува делумен одговор на тоа прашање, дека религијата и верата биле основа за функционирање на локалните селски заедници, тоа биле елементи на традицијата во општеството каде што доминирал тип на Риесмановски човек, управуван преку традицијата.

Проблемот разработуван во книгата е важен, бидејќи укажува на елементи кои го формирале општествениот живот, кои се децидни во однос на социјалните и културните мостри, исто така во постмодерен, глобализиран свет, каде доминира феноменот на хаосот на вредностите и нормите. Тоа означува дека овој вид на локална заедница станува на некој начин енклава на традиционалните вредности, која ја потврдува тезата на Робертсон за процесот на глобализација.

Убеден сум дека проблемот кој е разработуван во книгата, е важен од сознаен аспект. Во моето убедување, вреди да се подвлечат две најважни обележја на оваа книга: умешност да се формулира истражувачки проблем во рамките на теоретските категории (што претставува јака страна на книгата-познавање на современите ориентации и насоки во социјалната антропологија (етнографија) и социологија и умешност на сместување на проучуваните појави во теоријата) и методологијата (самосвест на авторот, умешност да се формулираат прашања и хипотези, изградба на експликативни модели, презентација и анализа на резултати). Наслутувам, дека денес ретко се применуваат интензивни теренски истражувања. Авторот престојувал во селото многу месеци, ги набљудувал социјалните практики (учествувал во нив) и водел интервјуа (за што му беше неопходно познавање на јазикот).

Книгата има 363 страни текст. Ја составуваат релативно обемни пофалби (50 стр.), вовед, каде се сместени забелешките за генезата на проблемот и истражувањето, широко распространата каратеристика на теренот на истражуавњата - од анализата на спецификата на повеќенационалниот Балкан и Македонија, нивната историја и влијание врз денешните односи, до опис на анализираната религиска група и селото (рурална заедница), размислувањата за релации помеѓу теоријата и теренските истражувања, етички и политички прашања кои се однесуваат на тие конкретни истражувања и на крај контура на идната структура на книгата и 8 поглавија, завршеток (дистинкции и дисфункции-политички дискурс и секојдeневно практикувања на културната посебност), број на спроведени

интервјуа (64) обемна литература (421 позиција и 2 филма), фотографии, многу користен индекс и кратка соджина.

Структурата на книгата, според мене, отсликува начин на размислување и аргументирање на авторот, концентрација врз редоследни сфери на општествениот живот, на културните практики, од вакви, каде границите се многу изразити, до такви, каде практично се избришани. Посебно треба да се нагласи дека собраните во поглавијата презентации на емпирискиот материјал (резултати од набљудувањето, матријали од интервијуата) се водени во контекстот на прифатените теоретски заложби, секое од нив содржи резиме, кое дозволува да се генерализира.

Двете први глави претставуваат обид на авторот да се соочи со теоретскиот концепт. Првата глава (теоретските основи на анализата) е всушност обид на конфронтација со теоретско поставениот проблем во етнографијата и анализа на клучните за истражувањата, теоретски категории: меѓусебна зависност и општествените односи, социјален ред (организација), културата (модуларност, вариативност) и дисјунција (културни разлики).

Во втората глава (Проблемот на општествените граници во современата антропологија) постои анализа на најважните за понатамошно истражување начини на разбирање на општествените граници, а во неа и тој кој беше применет во истражувањата. Уште во воведот авторот пишува: *Религиските граници ги дефинирав не како идеја која влијае врз сите заемни односи на членовите на двете религиски групи, а како практика реализирана преку многу лица, потпрена врз норми и санкции, која се карактеризира со избегнување на меѓурелигиски контакти во одредени контексти на општествениот живот. Констатирав, дека религиските граници се појавуваат тогаш, кога во одредена област на социјалната активност мусулманите и православните почитуваат избегнување на општествените односи. Општествените граници се реализирани во социјалните практики, се регулирани со норми и санкции. Држењето за социјалните граници е усогласено со прифатена норма, додека нивното пречекорување, предизвикува помали или поголеми санкции. Санкциите имаат*

*диференцијален карактер. Најдопустливите се засновуваат врз озборување, јавно исмејување, најстрогите се применувани со физичка сила и откажување на погреб на гробиштата, а дури и откажување за економската поддршка (с. 55-56).* Консеквентно, емпириските глави на книгата се посветени на опис и интерпратција на религиските и општествените практики, кои дозволуваат да се процени нивното влијание врз формирање на вистински општествени граници.

Сепак, во оваа глава авторот укажува на значењето на категоријата општествена граница и на контроверзија која е поврзана со неа. Интересни се размислувањата за начините на нивното интерпретирање во антропологијата и социологијата и нивната врска со поимот на социјална дистанца, кој го употребуваат социолозите. Како резултат следува презентација за разбирање на општествените граници *кои на тој или друг начин ги разделуваат луѓето* (с.144), како бариери кои оневозможуваат влегување во одредени социјални односи, преку лица кои се членови на посебни категории општествени групи, кои се реализираат во практика преку избегнување на интеракции или социјални односи, подложни на институционализација а како резултат на тоа полни со социјални санкции, сепак променливи, дури и ако постои институционализација, носители на функции на организатори на социјален ред, репрезентирани со широк и тесен збир на луѓе и работи, а нивнниот конечен услов е постоење на културната дисјункција (спореди с. 122). Границите и дисјункциите за авторот ќе бидат основни категории кои тој ги употребува во анализата и интерпретацијата на истражувачката граѓа.

Третата глава (Историските условувања на религиска диференцијација во Долна Река) нè воведува во емпирискиот дел на книгата, концентрирајќи се на историскиот контекст на набљудуваните и анализираните понатаму траги на постоење на религиски граници. Во него ќе најдеме опис за христијанизација на Македонија, организација и начини на функционирање на религиските заедници (милети) во турската империја,

исламизација на Западна Македонија и причините кои влијаеле на овој процес.

Четирите глави кои следуваат претставуваат презентација и интерпретација на истражувачката граѓа. Воведени сме во светот на ритуални православни обреди: Василица, Водици, Великден, Голема Богородица, погреби и муслиманските: Рамазан, Рамазан Бајрам, Курбан Бајрам, муслиманските свадби и погреби. Се покажува дека ритуалните религиски практики можат да укажуваат на постоење на непродолжителни граници, бидејќи во нив учествуваат само припадници на една религија, сепак исто на одредена маргина на соучество во социјалната сфера на тие практики (учество на свадби и погреби, частење со благи и јајца по повод празниците).

Петтата глава е посветена на религиска ендогамија во бракот и последиците на отстапување од неа во локалната заедница на двете религии.

Пак се покажува, дека токму религиските норми, кои се однесуваат пред сѐ на религиското воспитување на децата, учеството во религиските практики и можности за погребување на некој од поврзани со одредена вера гробишта, се најсложената бариера која треба да се надминие дури сега, кога се смета, дека не се почитувани. Истото се однесува на проблемот кој се појавува при наоѓање на место на гробиштата (погребување според желба надвор од поврзаните со одредена вера, бидејќи други гробишта не постојат).

Ќе најдеме во него детален опис на принципи на сродност, регулативи за стапување во брак, живеење, наследство, сродност во однос на обреди, термини поврзани со сродност и роднинска врска, и исто така анализа на односите спрема брачната ендогамија и примери на отстапување од неа.

Наредната глава (Соседство) претставува анализа на содејствување и нејзиниото непостоење во сферата на *profanum*, сепак многу значајна за начините на функционирање во локалната заедница, каде принципот на заедништво е најважен. Во него има интересни анализи не само за механизмите на содејствување, а исто така, стопанисување и уредување на просторот на местото на заедничкото живеење.

Сферата профанум е исто така предмет на анализи во 7-та глава (Луѓе со различни вери во политиката), каде што се укажува како во политиката се бришат општествените граници толку видливи во религиозните и обредени практики. Тоа е мошне интересен пример како интересите на одредени единки и групи се зависни од етничките и религиозните поделби. Но тоа истовремено е поле, каде религиските поделби не ги определуваат општествените граници. Спротивно.

Последната, 8 глава (За некои условувања на религиските граници во Долна Река) е всушност резиме на досегашните анализи и враќање кон теоријата: образложение за механизмите на границите, религиските разлики во животот на мала локална заедница. Авторот најмногу се интерсира за културните дисјункции, механизми на нивното појавување, а исто така подрачја на социјален живот (социјални практики) во кои тие постојат (религиозни, брачни) и тие каде ги нема (соседство, содејствување, политика).

Завршниот дел (Дистинкции и дисјункции-политички дискурс и секојдневното практицирање на културната посебност) претставува повеќе воопштено резиме во које се презентира и во теорија и во практика, проблемот на мултикултурализам во Македонија. Авторот е заинтересиран, како етничката и религиската диференцијација е сместена актуелно во јавниот и политичкиот дискурс на современа Македонија, како е стимулиран овој дискурс преку националистички ориентираната влада во Македонија. Исто и тоа, како тој се рефлектира во секојдневните практики и начини на размислување на етничките и религиозните заедници кои живеаат повеќе покрај себе одошто заедно. Таа кратка глава отсликува две карактеристики за книгата и за нејзиниот автор. Пред сѐ потврдува перфектно познавање на теренот на истражувањата, не само за Долна Река и Ростуша, а на целата Македонија, со нејзината комплицирана историја и сегашност, култура, односи со соседи и внатрешните малцински групи. Познавањето и разбирањето на проблемите, кои ги имаат Македонците со формирање на национален идентитет и изградба на граѓанско општество. Тоа заслужува почит.

Како второ, презентираното credo на авторот кој вели - *Не сметам, дека антрополозите мораат да се ограничуваат само да ја презентираат сегашноста, да ги прикажуваат настаните овде и сега. Се согласувам со тие, кои сметат, дека овластената цел на антропологијата е воопштување и објаснувачки теории (.....), дури кога теориите ќе имаат повеќе диференцијален и еклектички карактер во споредба со класичните антрополошки теории* (....) (с.50). Во главата е направен обид на воопштување на етнографскиот материјал, презентирани се односи во специфична локална заедица, а анализираните процеси, оформувањето и поддржувањето на општествените граници, рефлектирање на овој процес во општествените практики може да биде однесено на диференцијално, мултикултурно македонско општество. Тоа е исто така обид за примена во тој размер на теоријата на општествените граници и признание дека таа има универзален карактер. Треба да се напомене дека тоа не е обележје на последната глава, се однесува за целата книга.

Повеќепати размислував, во што се состои исклучителноста на „густ опис" на Герц (Geertz) како начин на презентација на етнографски материјал, или како сакаат некои, истражувачки метод. Според моето убедување текстот на книгата е одличен пример за овој вид опис, иако самиот автор не му дава назив на начинот на кој ја прави презентацијата на материјалот. Сепак, секоја презентирана парактика, ритуал, однесувања кои ги придружуваат, примената на артефакти, се сместени во обемен култуно-социјален, локален а дури и индивидуален (од аспект на говорник-глумец) контекст. Се чини дека тоа е суштина на густ етнографски опис.

Книгата, слично на трудовите на авторот, сведочи за неговата ерудиција, одличната ориентација во антрополошка, социолошка и историска литература, вештини во истражувањето и ангажираноста во истражувачкиот проблем. Се надевам, дека ќе добије признание помеѓу антрополозите и социолозите, повеќе од публиакциите, кои беа резултат на истражувањата во Македонија во 30-те години на 20-тиот век од другиот полски етнограф (антрополог) Ј. Обремски. Верувам дека ќе најде читатели во Македонија.

Книгата е напишана со одличен јазик. Се чита со голема заинтересираност. Штета што на крајот не постои речник на користените македонски називи (предмети, практики, општествени улоги, организации и партии) со нивна интерпретација.

Презентацијата на истражувачкиот материјал, според моите убедувања, не е само научна придобивка (истражувачка) туку и дидактичка. Покажува како треба да се подготват истражувања, каква е улогата на теоретскиот контекст, како треба да се гради мрежа на појмови, организираат истражувања и анализира квалитативен материјал. Ретко може да се сретнат емпириски публикации, каде сите тие елементи се присутни.

Рецензент: Marian Niezgoda[1]

Рецензијата од полски јазик на македонски јазик го преведе
проф. д-р Мариа Доневвска,
Универзитет Св. „Кирили и Методиј" Скопје

[1]Marian Niezgoda, PhD, Proffessor Uniwersytet Jagielloński, Instytut Socjologii
email: marian.niezgoda@uj.edu.pl